Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 41 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 294/21),

Градоначалникот на општина Радовиш донесе

# РЕШЕНИЕ

за овластено лице за заштита на личните податоци
(**Офицер за заштита на личните податоци**)

1. За офицер за заштита на личните податоци кај контролорот Општина Радовиш, се определува административниот службеник

**АЛЕКСАНДРА ЃОЗЕВА АНГЕЛОВ**

- Вработена на работно место самостоен референт – технички секретар на Градоначалник.

2. Офицерот за заштита на личните податоци ги врши следниве работи:

- ги информира и советува контролорот или обработувачот и вработените кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите од овој закон;
- ја следи усогласеноста со овој закон, со други засегнати закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија, како и со политиките на контролорот или обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци;
- каде што е потребно, дава совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на процената во согласност со членот 39 од овој закон;
- соработува со Агенцијата;
- дејствува како контакт точка за Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи ја претходната консултација од членот 40 од овој закон, како и советување според потребите за сите други прашања.
- При извршувањето на своите работи, офицерот за заштита на личните податоци ги зема предвид ризиците поврзани со операциите на обработката, како и природата, обемот, контекстот и целите на обработката.

3. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

Подготвил:
Весна Конзулова

Општина Радовиш
Дел бр.03-651/4
Дата 30.05.05.2023

Градоначаник на општина Радовиш
Ацо Ристов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАДОВИШ ГРАДОНАЧАЛНИК